„Аллах нека го осветли лицето на оној што ќе чуе нешто од нас, па тоа го пренесе онака како што го слушнал. Можеби оној кому му го пренел – подобро ќе го разбере од оној што го чул.“

Од Абдулах ибн Месуд, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Го слушнав Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Аллах нека го осветли лицето на оној што ќе чуе нешто од нас, па тоа го пренесе онака како што го слушнал. Можеби оној кому му го пренел – подобро ќе го разбере од оној што го чул.“

[صحيح] [رواه الترمذي وابن ماجه وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, упатил дова Аллах да му дарува убавина, благослов и светлина во овој свет, и да го доведе до светлината и насладите на Џенетот во Ахиретот – секому што ќе слушне хадис од него, ќе го запамети и ќе го пренесе како што го слушнал. Можеби оној кому му се пренесува хадисот ќе биде повнимателен, подлабок во разбирањето и поспособен за извлекување поука од него, отколку оној што го пренел. Првиот е вешт во помнење и пренесување, а вториот – во сфаќање и извлекување заклучоци.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/6820